**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**

**“Градежен инженер/архитект”**
**(реф.бр. MK/SSIP # 3.1.27; реф.бр. MK/SSIP # 3.1.35 и реф.бр. MK/SSIP # 3.1.38)**

**Име на проект: Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ Проект)**
**Кредит Бр: 8902 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

1. На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проектот за подобрување на социјалните услуги. Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорите што ќе се склучат за ангажирање на **тројца градежни инженери/архитекти, реф.бр. MK/SSIP # 3.1.27; реф.бр. MK/SSIP # 3.1.35 и реф.бр. MK/SSIP # 3.1.38**.

2. Основна задача на градежните инженери/архитекти **е да дадат поддршка на Единица за управување со проекти (ЕУП), Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и Министерство за здравство (МЗ) за време на процесот на градење и реновирање на објекти.**. Консултантите ќе бидат ангажирани со полно работно време, од 08.30 до 16.30 часот од понеделник до петок.

3. Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/proekt-za-podobruvanje-na-socijalnite-uslugi.nspx

4. **Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование во областа на архитектура или градежништво;
- Познавање на националанта легислатива и стандардите во областа на архитектурата, дизајн, градба, урбано планирање и заштита на животна средина;
- Најмалку три годишно работно искуство во областа на проектирање, проценка, инспекција или надзор над градежни работи и на реновирања од голем обем;
- Искуство во координација на договори за градежни работи;
- Познавање на “FIDIC Conditions of Contract” ќе се смета за предност.
- Познавање на градежната терминологија, способност за подготовка, читање и интерпретирање на технички цртежи и спецификации, белешки и инструкции, распореди, опрема и методи за спроведување на активностите;
- Одлични компјутерски вештини (MS Office);
- Одлично познавање на македонскиот и англискиот јазик (писмена и вербална комуникација), подготовка на извештаи на двата јазика;
- Силни интерперсонални и комуникациски вештини, способност за пренесување на знаење и вештини;
- Возачка дозвола.

5. Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

6. За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со ППСУ Проектот, е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

7. Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

8. Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **12.11.2020** година електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk, со назнака: за **реф.бр. MK/SSIP # 3.1.27; реф.бр. MK/SSIP # 3.1.35 и реф.бр. MK/SSIP # 3.1.38**